Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME
Бр./Nr. 13.1-7633/1
28-01-2021 год./viti
Скопје - Shkup

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-298/1
14.01.2021
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-84/1
05.01.2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## за воспоставување на Платформа за еколошка правда

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр. 03-255/1
16.02.2021 год.-viti
Скопје-Shkup

**Склучен на 23 декември 2020 година помеѓу:**

**Центар за правни истражувања и анализи,** претставуван од Лидија Стојкова Зафировска, претседател;

**Македонска академија на науките и уметностите,** претставувана од Академик Владо Камбовски, Раководител на Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев";

**Министерство за животна средина и просторно планирање,** претставувано од Насер Нуредини, Министер;

**Државен инспекторат за животна средина,** претставуван од Ана Петровска, директор;

**Центар за управување со кризи,** претставуван од Стојанче Ангелов, директор;

**Дирекција за заштита и спасување,** претставувана од Беким Максути, директор;

**Министерство за внатрешни работи,** претставувано од Оливер Спасовски, министер;

**Министерство за правда,** претставувано од Бојан Маричиќ, министер;

**Академија за судии и јавни обвинители,** претставувана од Наташа Габер Дамјановска, директор;

**Македонско здружение на млади правници,** претставувано од Зоран Дранговски, претседател;

**Еко свест,** претставувано од Ана Чоловиќ – Лешоска, директор;

**Фронт 21/42,** претставуван од Дороти Пачкова, претседател;

**Град Скопје,** претставуван од Петре Шилегов, градоначалник;

**Здружение на единиците на локалната самоуправа - ЗЕЛС,** претставувано од Душица Перишиќ, директор.

### Член 1

Целта на овој Меморандум е воспоставување соработка помеѓу надлежните институции, Македонската академија на науките и уметностите, здруженијата на граѓани и стручни лица кои се вклучени во заштита и унапредување на животната средина во форма на Платформа која ќе се заснова на принципите на стручност, инклузивност и одговорност. Во рамките на платформата членовите на истата заедно со домашни и странски стручни лица ќе работат на идентификување на модел за ефикасен надзор над спроведувањето на еколошките политики и регулативи, зајакнувајќи ја притоа имплементацијата на меѓународните еколошки стандарди и пракса. Исто така, претставниците на државните институции, МАНУ, стручните лица и граѓански организации ќе предложат и развијат заеднички и одржлив пристап кој ќе се заснова на идентификувани цели и приоритети во заштитата и унапредувањето на животната средина и поддршка на политиките, законските формулации и решенија од областа на животната средина за справување со еколошките штети.

**Член 2**

Името на платформата ќе биде ***Платформа за еколошка правда***, и истата ќе биде поддржана од страна на проектот „Воспоставување ефикасна и ефективна еколошка правда“, кој е дел од програмата Good Governance Fund финансиран од UK aid преку Владата на Обединетото Кралство, а се спроведува од страна на Центарот за правни истражувања и анализи.

**Член 3**

Начинот на функционирање на платформата ќе се уреди со посебен Деловник.

**Член 4**

Овој Меморандум ќе стапи на сила на денот на потпишување од страна на сите страни потписници и ќе важи до негово спогодбено раскинување.

**Член 5**

За било каква промена на овој Меморандум ќе решаваат спогодбено потписниците на истиот. Промената ќе биде направена во писмена форма и доставена до секој потписник во форма на пречистен текст на Меморандумот.

**Член 6**

Каков било спор што може да се појави во врска со толкувањето или примената на овој Меморандум ќе се разреши преку консултации меѓу потписниците на истиот, доставени во писмена форма до претседавачот на Платформата, кој потоа ќе ги информира контакт лицата назначени од страните потписнички .

**Член 7**

Секоја кореспоненција што се однесува на овој Меморандум за соработка и на Проектот, ќе се остварува преку лицата за контакт назначени од страните потписнички.

**Член 8**

Овој меморандум е потпишан во четиринаесет оригинали на македонски јазик, од кои по еден за секоја страна.

**Центар за правни истражувања и анализи,**
Лидија Стојкова Зафировска

Претседател
Скопје, *23.12.2020*

**Македонска академија на науките и уметностите,**
Академик Владо Камбовски

Раководител на Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“
Скопје, *23.12.2020*

**Министерство за животна средина и просторно планирање,**
Насер Нуредини

Министер
Скопје, *23.12.2020*

**Државен инспекторат за животна средина,**
Ана Петровска

Директор
Скопје, *23.12.2020*

**Центар за управување со кризи,**
Стојанче Ангелов

Директор
Скопје, *23.12.2020*

**Дирекција за заштита и спасување,**
Беким Максути

Директор
Скопје, *23.12.2020*

**Министерство за внатрешни работи,**
Оливер Спасовски

Министер
Скопје, *23.12.2020*

**Министерство за правда,**
Бојан Маричиќ

Министер
Скопје, *23.12.2020*

**Академија за судии и јавни обвинители,**
Наташа Габер Дамјановска

Директор
Скопје, *23.12.2020*

**Македонско здружение на млади правници,**
Зоран Дранговски

Претседател
Скопје, *23.12.2020*

**Еко свест,**
Ана Чоловиќ – Лешоска

Директор
Скопје, *23.12.2020*

**Фронт 21/42,**
Дороти Пачкова

Претседател
Скопје, *23.12.2020*

**Град Скопје,**
Петре Шилегов

Градоначалник
Скопје, *23.12.2020*

**ЗЕЛС,**
Душица Перишиќ

Директор
Скопје, *23.12.2020*